Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 20.12.2024

На 19.12.2024 во 20.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.К.(36) од Куманово. При претрес во неговиот продавен објект, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени околу 500 парчиња пиротехнички средства. Р.К. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 16.12.2024 во Радовиш, полициски службеници од СВР Струмица - ОВР Радовиш го лишиле од слобода Ц.Д.(36) од Радовиш. Тој се сомнини дека на 17.12.2024 на ул. „Партизанска" во Радовиш со употреба на сила од Н.М.(39) од Радовиш одзел личен предмет. Во службен разговор во Полициска станица Радовиш, Ц.Д. го признал делото. Известен е јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по целосно документирање на случајот против Ц.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (20.12.2024) во 02.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ј.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.М.(23) од с.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 22.00 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.М.(23) од с.Мралино, општина Илинден, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 19.15 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од с.Стајковци, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.В.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 14.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи го лишиле од слобода Н.Ј.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 12.00 часот во СВР Битола, од Казнено - поправната установа Затвор Битола било пријавено дека при претрес кај осуденикот М.А.(36) од Битола била пронајдена марихуана и таблети. По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 19.12.2024 во 16.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Ц.(61) од Скопје пријавила дека на ул.„Ѓорѓи Димитров" во Скопје била касната од куче скитник.

На 19.12.2024 во 14.55 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Д.(60) од Скопје пријавил дека во круг на фабрика на подрачјето на Кисела Вода бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2024 во 22.20 часот во Полициската станица Горче Петров, М.П.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Горче Петров" во Скопје била касната од куче.

На 19.12.2024, со судска наредба, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид извршиле претрес во станот во Ѓорѓи што живеаат/живеат/живеат во користел Б.А.(31) од Скопје. При претрес биле пронајдени и одземена марихуана, а по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2024 во 10.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Ц.(34) од село Матеје. При преглед кај него, биле пронајдени и одземени околу 840 парчиња пиротехнички средства. С.Ц. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 19.12.2024 во 14.00 часот во СВР Тетово, 56 - годишник од тетовско село пријавил дека во текот на 2021 година бил измамен од Х.С. при купување на недвижен имот на место викано Шипковско Теке, сопственост на Ш.И.(79) од с.Шипковица, тетовско. Според пријавеното, тие усно се договориле да купат по половина од парцела која наводно чинела 74.000 евра, по што му дал 34.000 евра за неговиот дел и заминал во странство. Како што е пријавено, после еден месец телефонски бил известен дека се е средено и плаќото, а отказо се вратил во државата Х.С. не му дал никакви документи со образложение дека се било платено на рака. Исто така, според пријавеното, во имотен лист забележал дека купопродажниот договор бил склучен на 20.09.2021 меѓу сопственикот на земјиштето и Х.С. за износ од 3.000 евра. После тоа, според пријавата, тие не нотар се договориле Х.С. да му ги врати парите и да му подари дел од парцелата што сега му припаѓа нему, но тој нити му ги вратил парите, нити му го предфилил неговиот дел од парцелата.

На 19.12.2024 во 15.15 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле М.П.(40), Ф.П.(37) и П.Ф.(20) сите од Скопје, затоа што околу 15.00 часот во продавно место на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, при што еден од нив употребил и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, Љ.М.(57) од Скопје пријавил дека на 17.12.2024 околу 13.15 часот на подрачјето на општина Аеродром, неговиот малолетен син бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 во 22.15 часот во СВР Скопје, Л.Т. (41) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот на подрачјето на Ѓази Баба бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, А.Ш.Р.(42) од Скопје пријавила дека во 15.45 часот на подрачјето на Ѓази Баба, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 во 18.00 часот во СВР Скопје, Р.М.(44) од с.Долно Коњари, општина Петровец, пријавил дека околу 17.00 часот во с.Средно Коњари, општина Петровец, неговиот малолетен син бил физички нападнат од И.А.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 22.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.Д. од Скопје пријавил дека во периодот од 13.12.2024 до 19.12.2024 на паркинг простор на подрачје на Ѓорче Петров било одземено неговото патничко возило „фолксваген венто" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возилото и за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 во 23.40 часот, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Блато, при преземање на мерки и активности, на периферијата на Дебар, забележале две лица кои се движеле во правец на Република Албанија. При обид да бидат запрени, лицата испукале неколку куршуми од огнено оружје кон нив, на што полициските службеници возвратиле и лицата се дале во бегство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.П.(47) од Скопје пријавила дека нејзиниот штитеник Е.Ј.(13) од Тетово се одделечил од семејниот дом. Тој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Е.(21) и Е.В.(21), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 26.10.2024, по претходна расправија, пријавените физички го нападнале Т.Ѓ. и му нанеле тешки телесни повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Н.(32) и Е.Н.(38), двајцата од с.Горјане, општина Врапчиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 18.11.2024 на место викано „Поточки", по претходна расправија, пријавените физички нападнале 17-годишник, при што употребиле и тврди предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(38) од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги", против Ј.Ј.(29) од Кратово и Д.В.(20) од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 23/24.08.2024 во куќа на неговиот татко во Пробиштип, пријавениот на второ и третопријавените и на други лица им овозможил да користат амфетамин. Воедно, првопријавениот, на второ и третопријавените им продал амфетамин за да го продадат за време на одржување на музичка манифестација во Пробиштип, а при преглед над него бил пронајден и одземен амфетамин. Додека, при претрес во куќата биле пронајдени и одземени дигитална вага, пари и други предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Р.М.(58) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.05.2024 во Струга, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што бил пронајден и одземен хероин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.Р.(33) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.04.2024 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над едно лице, при што бил пронајден и одземен амфетамин, кој го набавил од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.И.(28), Т.С.(19) и Д.С.(38), сите од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 20.10.2024, пријавените набавиле марихуана и амфетамин, кој бил пронајден и одземен од полициски службеници.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.С.(42) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 12.09.2023 во Демир Хисар, полициски службеници извршиле преглед над едно лице, при што била пронајдена и одземена марихуана, која пријавениот му овозможил да ја ужива.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.А.(23) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.12.2023 во Кочани, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени семки од канабис и таблети.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.А.(36) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно оружје при тепачка или каранија". На 27.11.2024 во Прилеп, пријавениот физички нападнал малолетник, кој бил со уште двајца малолетници, по што со остар предмет им упатувал закани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.К.(44) од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 23.08.2024 во Тетово, пријавениот упатил закани кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Д.(32) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 29.01.2023 на ул. „Кеј 19 Септември", пријавениот предизвикал пожар на паркирано патничко возило „голф". сопственост на М.И..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, поднесе кривична пријава против Р.С.(32) од гостиварско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда во врска со семејно насилство". На 18.08.2024, пријавениот физички го нападнал неговиот осумгодишен внук.

СВР Битола поднесе кривична пријава против К.Ц. (49) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во март 2024, пријавената пронашла платежна картичка, сопственост на Љ.Н., при што во повеќе наврати, извршила трансакции на различни локации.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против А.М.(21) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума" и против Е.Н.(34) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „соизвршителство". На 16.11. 2024, првопријавениот бил затекнат како сече дрва со моторна пила, додека второпријавениот бил ангажиран од првопријавениот за одреден паричен надомест дрвата да ги товари во возилото.